

# ИНФОРМИРАЈ СЕ!
# ЗАШТИТИ СЕ!



# БОРИ СЕ ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО!

## Обрати се до:

### 1. Центар за социјална работа (ЦСР)

Презема мерки, со цел да се спречи понатамошно насилство, да и се помогне на жртвата да ги надмине последиците од доживеаното насилство и да се создадат услови за нејзина интеграција во социјалната средина.

- покренува постапка во случаи на семејно насилство врз основа на добиена пријава
- во случај на сериозна опасност кон жртвата, ЦСР повикува полиција и бара нивна асистенција/интервенција.
- обезбедува нужно сместување за лицето – жртва на насилство, кое може да трае најмногу шест месеци со можност за продолжување за уште шест месеци;
- обезбедува соодветна здравствена заштита, психосоцијална интервенција и третман;
- ги упатува во соодветно советувалиште;
- дава секаков вид правна помош и застапување и покренува постапка пред надлежниот суд.

### 2. Министерство за внатрешни работи (МВР

Надлежноста на полицијата во полето на семејното насилство е заштита на лицата – жртви, откривање на сторителите, сузбивање и попречување на семејното насилство и неговото превенирање. Во случај на пријава за семејно насилство или пак, во случај на барање за давање помош на лице изложено на каков било вид на насилство во семејството, службеното лице е должно да постапи и да ги обезбеди сите потребни докази за успешно спроведување на кривичната постапка. Полицијата, случаите на семејно насилство ги евидентира, врши увид на лице место и постапува согласно **привремените мерки за заштита од семејно насилство** (предвидени во Законот за семејство на РМ, член 104)

**Системот за заштита од семејно насилство во Република Македонија вклучува голем број на мерки, механизми и институции за поддршка и помош на жртвите**

### 3. Здравствени институции

Здравствените работници ги преземаат следните интервенции:

- проценка на здравствената состојба на жртвата;
- проценка на безбедноста на жртвата и ризикот од насилство;
- утврдување на природата и видот на насилството;
- прави писмен запис – досие за пациентот;
- доколку е користено оружје или закана со оружје или користење на алкохол, дрога задолжително ја известува полицијата;

Здравствениот работник во зависнот од типот на повредата или здравствената состојба на жртвата сугерира можни други упатувања до релевантни институции кои даваат правна, социјална или друг вид помош, а во секој случај го известува и советникот за заштита на правата на пациентите во установата.

### 4. Граѓански организации кои работат на полето на семејното насилство

Граѓанскиот сектор се смета за рамноправен субјект со другите институции кој работи на идентификација, превенција, давање психо-социјална помош и заштита на жртвите на семејно насилство. Постојат граѓански организации кои обезбедуваат бесплатна правна помош за жртви на семејно насилство; даваат психосоцијална помош и поддршка; обезбедуваат сместување на жртвите во засолништа; располагаат со СОС линија за пријавување на насилството.

Граѓанската организација е должна во зависност од потребата на жртвата да направи соодветно упатување во друга граѓанска организација која може да и обезбеди на жртвата помош како сместување, бесплатна правна помош и психо-социјална помош и поддршка.



# НЕ БИДИ НАСИЛНИК!

# НАСИЛСТВОТО НЕ Е ОДГОВОР ЗА ПРОБЛЕМИТЕ !

## Поважни телефони за помош и поддршка:

- **СОС ТЕЛЕФОН ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

**(02) 15 700 и (02) 15 315**

- **ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО**

**070/520-639**

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
www.antico.org.mk
e-mail: contact@antico.org.mk; antico@t-home.mk

Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.